Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година**

Скопје, мај 2022 година

З А П И С Н И К
од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 мај 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:20 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за судски постапки пред Трудов и Социјален суд во Љубљана, за ангажирање на адвокатска канцеларија

2. Прашања и предлози

3. Кадровски прашања

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за судски постапки пред Трудов и Социјален суд во Љубљана, за ангажирање на адвокатска канцеларија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Адвокатска канцеларија-адвокат Петер Прус Пипуш за прием на сите писмена и за застапување на Амбасадата на Република Северна Македонија во Љубљана-Словенија во судскиот предмет престанок на работниот однос, односно трансформација на договорот за вработување на определено време во договор за вработување на неопределено време бр.1 ПД 609/21 по тужба на тужителот Мина Шпела Степанчиќ против тужениот Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Словенија.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди финансиски средства за исплата на овластениот адвокат и трошоците по постапките.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да склучи Договор за услуги со адвокат Петер Прус Пипуш.

4. Се задолжува државниот правобранител на Република Северна Македонија да издаде овластување за адвокат Петер Прус Пипуш.

Точка 2

Владата во врска со намерата на Амбасадата на Руската Федерација во Република Северна Македонија за одржување церемонии по повод „Денот на Победата“ на 7 мај 2022 година во с.Здуње, Општина Македонски Брод, 7 и 8 мај 2022 година во Могилата на непобедените во Прилеп и на 9 мај 2022 година во Скопје, на спомен обележјето на победата на ул. 9 Мај во Скопје, заклучи:

- се препорачува на Град Скопје, Општина Центар, Општина Прилеп и Општина Македонски Брод, да не учествуваат на прославите организирани од страна на

Амбасадата на Руската Федерација во Република Северна Македонија, заради руската агресија врз Украина.

Точка 3

**1.** Владата го разреши Валдет Џафери од должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда, поради истек на мандатот за кој е именуван.

1.2. Владата го именува Валдет Џафери, досегашен директор на Бирото за судски вештачења, за вршител на должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда, и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

**2.** Владата го разреши Феми Јонузи од должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, поради истек на мандатот за кој е именуван.

2.2. Владата го именува Феми Јонузи, досегашен заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово, за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.
.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**